# ГОДИШНА ПРОГРАМА

# ЗА ЕКСКУРЗИИ

## на ООУ„МаркоЦепенков"

## Зелениково

## за учебната 2023/2024 година




## јули 2023

# ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА III ОДДЕЛЕНИЕ

**Време на реализација:** во тековната учебна 2023/2024 година
**Место**:Крива Паланка
**Времетраење** Еден ден

| | |
|---|---|
| ***Одделение*** | *III одделение* |
| ***Воспитно – образовни цели*** | • *Запознавање и откривање на убавините на татковината Република Македонија;*<br>• *Изучување, истражување и проширување на знаења за карактеристиките и спецификите на објекти во околината;*<br>• *Запознавање и проширување на знаења со постоечките културно-историски споменици;*<br>• *Развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;*<br>• *Да стекнат искуство за осамостојување и грижа за себе;*<br>• *Развивање на културни, хигиенски и еколошки навики и свест.*<br>• *Практикување на рекреативни активности-игри на отворено, прошетки, слушање на музика, игри за јакнење на меморија,внимание* |
| ***Задачи*** | ♠ *истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;*<br>♠ *развивање интерес за природата и градење еколошки навики;*<br>♠ *запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во овој крај;*<br>♠ *градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;* |

| | |
|---|---|
| | ♠ *развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;*<br>♠ *поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;*<br>♠ *социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;*<br>♠ *развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.* |
| ***Активности*** | ➢ *Посети, набљудување, слушање на предавања од страна на водичи и кустоси;*<br>➢ *Фотографирање на објектите и предмети во манастирот, собирање на разгледници од овој крај, сувенири;*<br>➢ *Разговор со кустоси, историчари и граѓани;*<br>➢ *Дискусија со учениците и наставниците;*<br>➢ *Подготовка за групно изложување на подготвените изработки со помош на одделенскиот наставник;*<br>➢ *Изложување на изработките во училницата и во холот на училиштето.* |
| ***Раководители*** | Весна Митрички, Македонка Стојаноска |
| ***Одговорни наставници*** | Весна Митрички, Македонка Стојаноска |
| ***Време на реализација*** | *Месец Мај еднодневна екскурзија* |

| | |
|---|---|
| ***Локалитети за посета и правци за патување*** | *Насока на движење*<br>*Зелениково – Крива Паланка - Зелениково*<br>*О.У. "Марко Цепенков" Зелениково*<br>*Локалитети за посета:* манастир „Јоаким Осоговски“, Планински туристички центар „Калин Камен“, Кривопаланечка тврдина, Спомен коструница |
| ***Техничка организација*** | *Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водичи, лекар* |
| ***Начин на Финансирање*** | *Самофинансирање од страна на родителите* |
| ***Забелешка*** | *За учениците кои не учествуваат во екскурзијата училиштето организира настава.* |

Според Законот за основно образование (2019г) начинот на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ги утврдува министерот, по предлог на Бирото за развој на образованието. Врз основа на Концепцијата за воннаставни активности, Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта и Годишната програма за работа на ООУ,,Марко Цепенков“ - Зелениково за учебната 2023/2024 година, стручниот тим за подготовка на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности од *ООУ„Марко Цепенков“ – Зелениково изготви:*

## НАСТАВА ВО ПРИРОДА V ОДДЕЛЕНИЕ

***ПРОГРАМА ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВА ВО ПРИРОДА***

***за учениците од Vодд. во учебната 2023/2024год***

| ***Планирана -*** | ***Настава во природа за учениците од Vодд - мај 2024год.*** |
|---|---|
| ***Воспитно – образовни цели*** | ✓ Да ги идентификува и почитува сите национални обележја на државата РС Македонија и да манифестира чувство на припадност кон државата;<br>✓ Да ги идентификува географските карактеристики на нашата држава и да ги поврзува со општествениот развој;<br>✓ Да ја раскаже и објасни историјата на сопствениот народ и на историите на другите народи кои живеат во нашата земја и во регионот, со своите посебности и во контекст на споделеното историско минато;<br>✓ Да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност;<br>✓ Да ги објаснува карактеристиките на природните и општествените средини и нивната поврзаност со организацијата на животот на луѓето;<br>✓ Да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти;<br>✓ Да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации, користистејќи различни форми на изразување<br>✓ Да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи го предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации.<br>✓ Применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини |

| | |
|---|---|
| | ✓ Да негува здрав животен стил кога се работи за сите сфери на живеење,вклучително навики во исхраната, спортски и рекреативни активности<br>✓ Да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа |
| | |
| ***Содржини/ опис на активности*** | ❖ *Јазична писменост* – активности на изразување,создавање и интерпретирање на чувства, факти и мислења во усна и различни писмени форми, со користење на визуелни, звучни/аудио и дигитални материјали во различни дисциплини и контексти.<br>✓ *Математика и природни науки* - оспособеност и подготвеност за користење на различни математичко-логички начини на размислување и нумеричко и просторно претставување при решавање проблеми од секојдневниот живот. Примена на сознанијата и пристапи базирани на докази при објаснување на природните појави и подобрување на животот на луѓето, како и за разбирање на промените во природата што се предизвикани од влијанието на активностите на луѓето врз околината.<br>✓ *Историја и општество* - познавањето и разбирање на себеси, за општеството, неговата историја и организација, како и на вештините и ставовите што треба да овозможат ученикот да се однесува демократски и одговорно во/вон училиштето и во иднина да биде одговорен граѓанин/граѓанка и мотивирано и активно да учествува во општествениот и граѓанскиот живот<br>✓ *Уметничко изразување и култура* - практикување активности од областа на музиката, танцот, ликовната уметност, литературното творештво, дизајнирањето,изведбените уметности и слични активности кои водат до создавање продукти со културно-уметничка содржина или доживувања во интеракцијата со дела од културата<br>✓ *Дигитална писменост* - користење на ИКТ за достап до информации, на умешно и ефективно користење за решавање проблеми, споделување идеи, комуникација и соработка во рамки на училиштето и животот вон училиштето, на создавање дигитални содржини, како и на етичко и безбедно користење на дигитална технологија во секојдневниот живот |

- ✓ *Личен и социјален развој* - сопствено осознавање и развој на физичките, когнитивните, афективните и социјалните аспекти на добросостојбата. Формирање на активни и одговорни личности кои се подготвени за справување со предизвиците на секојдневното живеење како поединец и како припадник на групи.

*Конкретизација на содржините/актвностите*
*Прв ден:*

1. *<u>Македонски јазик</u>: ППЈазик и комуникација* -Препознава кога комуникацијата е на стандарден/ литературен јазик, а кога е на дијалект/народен говор и објаснува зошто. Ученикот слуша приказни/легенди кажани на различни дијалекти на македонскиот јазик и ги идентификуваат (запишуваат) зборовите што се акцентирани различно од правилото на стандардниот јазик. По секоја слушната приказна неколку ученици кажуваат по еден пример од идентификуваните зборови на дијалект, а други ги кажуваат на стандарден јазик
2. *<u>Математика</u>: Т-5 Мерење* - дискусија за подолгите временски периоди: година, деценија, век, милениум. Учениците дискутираат за настани кои се случиле: пред една година, пред една деценија, пред еден век, пред еден милениум
3. *<u>Историја и општество:</u> - Т-3Историја и праисторија* - Наставникот објаснува дека историјата се учи преку податоци за минатото од различни извори кои може да бидат материјални и пишани.Учениците набљудуваат познати археолошки наоѓалишта и обележја од богатото културно наследство на територијата на нашата држава, ги лоцира временски и просторно.
4. *<u>Музичко образование</u> – Т-1Слушаме музика*- Преку аудио/видео снимки наставникот демонстрира различни изведби (вокални, инструментални и вокално-инструментални групи и состави) од различни жанрови (класични, народни, поп, рок, рап, латино, техно); учениците ги идентификуваат слушно и визуелно музичките состави и жанрови.
5. *<u>Други активности:</u>*
   - ~ Креира едноставни прашања за спроведување интервју, користи едноставни начини за верификување на информации и фотографии од

интернет.

- Во дневник со активности опшуваат настан од минатото користејќи  усни извори – сеќавања на постарите жители/кустоси/свештени лица.
- Учениците ги користат мобилните телефони за одговарање на прашања (на пример: историска мапа; фотографија на лице или настан од минатото; археолошка ископина, како на пример: монета или друг предмет; писмо или друг документ од минатото. Во презентацијата може да вметнат и усни извори – сеќавања на постарите жители како поткрепа на визуелните извори од поблиското минато. Секоја група го презентира подготвеното пред  другите.

*Втор ден:*

1. *<u>Физ.и здр.образование</u> – Т-2Гимнастика, ритмика и танци-* Изведува комплекс вежби за обликување на целото тело во различни ставови и положби.
2. *<u>Македонски јазик</u>: ППЛитература и творење* – Усно (писмено)опишува ликови, пејзажи, појави, објекти (реални и измислени). Раскажува настан од сопствено доживување
3. *<u>Математика</u>*: Т-5*Работа со податоци* – планира и реализира истражувања на прашања од секојдневен контекст; ја проценува можноста да се случи одреден настан поврзан со даден експеримент (активности)Учениците, поделени во групи, запишуваат прашања кои би сакале да ги истражуваат. Потоа од листата на прашања со консензус избираат прашање за кое ќе изработат план за истражување и го реализираат. Секоја група ученици има можност да ги собира, организира, средува и да ги претстави податоците, а потоа учениците од секоја група треба да бидат подготвени да одговорат на поставени прашања од другите ученици по нивното презентирање
4. *<u>Историја и општество</u> – Т-3 Историја и праисторија-*  Секое одделно наоѓалиште учениците го набљудуваат. Потоа, поделени во групи, во дневникот со активности опишуваат што виделе и тоа

го споделуваат пред сите, а наставникот укажува на значењето на самото наоѓалиште. Следно, учениците во истите групи самите истражуваат, користејќи дигитални алатки, каде се наоѓа и од кога потекнува и наодите ги презентираат пред сите. Истата постапка се повторува за секое наоѓалиште одделно. На крајот секое наоѓалиште го лоцираат на географска карта и на временска лента. Во презентацијата може да вметнат и усни извори – сеќавања на постарите жители како поткрепа на визуелните извори од поблиското минато. Секоја група го презентира подготвеното пред другите.

5. *Други активности*
   - Ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации,  користистејќи различни форми на изразување преку визуелни уметности, музиката и танците
   - Спортски игри -учениците изведуваат игри во слободен простор
   - Игра Подиум за танцување. Учениците изведуваат движења со нозете и рацете, следејќи ја музиката од различни жанрови (класични, народни, поп, рок, рап, латино, техно)

*Трет ден:*

1. *Македонски јазик – ППЛитература и творење* - Опишува ликови, пејзажи, појави, објекти (реални и измислени). Раскажува настан од сопствено доживување. Во дневник на активности креира текстови со едноставни композициски структури на дадена тема, почитувајќи го правилото за воведен, главен и завршен дел од текстот и следејќи ги правописните и граматичките правила.
2. *Историја и општество* – Т-3*Историја и праисторија* - разликува како се дели минатото на човештвото на два големи временски периоди–праисторија и историја. Набљудува примери на познати археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава и ги лоцира временски и просторно. Опишуваат што

виделе и тоа го споделуваат пред сите, а наставникот укажува на значењето на самото наоѓалиште. Учениците од  стручно лице осознаваат од кога потекнува и наодите и ги запишуваат. Во дневникот на активности, секое наоѓалиште го лоцираат на географска карта и на временска лента.  Во презентацијата може да вметнат и усни извори – сеќавања на постарите жители како поткрепа на визуелните извори од поблиското минато. Секоја група го презентира подготвеното пред другите.

3. <u>*Ликовно образование*</u> – *Т-3Пластично обликување и градење -*  Учениците моделираат композиција од различни геометриски форми или слободни форми на глинена плоча со помош на додавање на материјал или длабење на подлогата. Од наставникот добиваат насока да создадат релјефна композиција во која ќе се препознаат основните елементи (испакнато/вдлабнато, аглесто/валчесто...).
4. <u>*Математика*</u>: Т-5*Работа со податоци* – планира и реализира истражувања на прашања од секојдневен контекст; ја проценува можноста да се случи одреден настан поврзан со даден експеримент (активности)Учениците, поделени во групи, запишуваат прашања кои би сакале да ги истражуваат. Потоа од листата на прашања со консензус избираат прашање за кое ќе изработат план за истражување и го реализираат. Секоја група ученици има можност да ги собира, организира, средува и да ги претстави податоците, а потоа учениците од секоја група треба да бидат подготвени да одговорат на поставени прашања од другите ученици по нивното презентирање
5. <u>*Други активности:*</u>
   - *Слушаме музика* -различни изведби (вокални, инструментални и вокално-инструментални групи и состави) од различни жанрови (класични, народни, поп, рок, рап, латино, техно
   - *Учениците и*зведуваат комплекс вежби за обликување на целото тело во различни ставови и положби. Спортски игри во слободен

| | |
|---|---|
| | простор<br>~ Учениците сликаат мотив - пејсаж со користење на ликовните елементи боја (топли бои) и простор, а како материјал употребуваат темпера. Наставникот ги насочува да создадат композиција со нагласување на надворешниот простор. |
| ***Раководител,***<br><br>***Одговорни наставници, ученици*** | *Раководители - одделенски наставници од Vодд. Љупка Продановска, Елена Костовска* |
| | ✓ Наставата во природа се изведува во согласност од најмалку 50%од родителите на учениците во одделението.<br>✓ За учениците кои не одат на настава во природа училиштето организира настава во училиштето.<br>✓ За учениците кои од економски причини не можат да учествуваат на настава во природа, директорот може да обезбеди нивно учество преку сопствени извори, донации, спонзорства и други извори |
| ***Време на реализација*** | *Мај 2024год. - Тродневна настава во природа*<br><br>Наставата во природа се организира со ученици од Vодд.за време на воспитно-образовната работа, во тековната 2023/24год. |
| ***Локалитети за***<br><br>***посета*** | *1ден.Правец на движење- патување: Скопје-Велес-Прилеп-Крушево-Битола-Охрид со посета на:*<br><br>❖ куќата на Кочо Рацин<br>❖ *Могилата на непобедените и посета на плоштадот (споменик на Александар Македонски)*<br>❖ *музејот – Спомен куќа и гробот на Тоше Проески*<br>❖ *прошетка низ Широк сокак*<br>❖ *посета на археолошкиот локалитет Хераклеа*<br>❖ *пристигнување во вечерните часови во Охрид и сместување на учениците во хотел*<br>❖ *вечера*<br>❖ *ноќевање*<br>❖ |

| | |
|---|---|
| | *2.ден Правец на движење-патување:*<br><br>- *појадок*<br>- *Охрид-Билјанини извори*<br>- *Музејот на коските*<br>- *посета на Св; Наум*<br>- *ручек*<br>- *прошетка низ центарот на Охрид*<br>- *посета на Плаошник*<br>- *посета на Самоиловата тврдина*<br>- *посета на куќата на Робевци*<br>- *посета на црквата Св. Софија*<br>- *вечера*<br>- *забава*<br><br>*3. ден Правец на движење - патување Охрид – Маврово–Скопје*<br><br>- *појадок*<br>- *посета на мостот на кој се одржуваат "Струшките вечери на поезијата" Разгледување на Струга и Црн Дрим, Природно научен музеј „ д-р Никола Незлобински“*<br>- *Вевчански водопади*<br>- *Манастир „Св. Георгиј Победоносец“ - Рајчица,*<br>- *посета на Св.Јован Бигорски*<br>- *посета на Националниот парк Маврово*<br>- *патување кон Скопје* |
| ***Процес на организација:*** | ✓ Презентазија на планирана настава во природа во Годишната програма на училиштето за учебната 2023/24г. пред Наставнички совет и Совет на општина Зелениково,<br>✓ Запознавање на родителите со програмата и поделба на анкетни листови за одзив.<br>✓ Формирање комисија од Совет на родителите наVодд. и двајца одделенски наставници<br>✓ Одлука на Училишен совет<br>✓ Согласност од БРО |
| ***Техничка*** | Училиштето преку јавен оглас избира лиценцирана туристичка агенција која ги исполнува условите согласно Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во основните училишта. |

| | |
|---|---|
| ***Организација*** | Објектот - одморалиште/хотел во кој се изведува настава во природа треба да има најмалку една училница/просторија опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование во СРМакедонија |
| ***Начин на финансирање*** | *Самофинансирање од страна на родителите* |
| | ***Очекувани резултати*** *– ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:*<br>~ Манифестира чувство на припадност кон државата;<br>~ *Идентификуваат сличностите и разликите на сопствената култура и културата на другите заедници,*<br>~ *Раскажуваат за богатата историја на сопствениот народ и другите народи кои живеат во нашата земја во контекст на споделено историско минато и богатото културното наследство преку* визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти;<br>~ Непосредно набљудуваат, проучуваат, воспримаат знаења во природни услови за предметите и појавите во природната и животната средина и да ги демонстрираат во нивната оригинална димензија.<br>~ Манифестира доблесни карактерни особини, негува здрав животен стил и навики во исхраната, спортски и рекреативни активности<br>~ Преку запознавањето на природните убавини , учениците ќе го развиваат естетско-еколошко чувството за доживување на убавото, кај нив ќе се формираат навики за спортување и рекреација, а со тоа ќе им се подобри физичката и психичката како и општата здравствена состојба.. |
| ***Забелешка*** | Доколку предвидената настава во природа нема да може да се изведе во Охрид поради некои непредвидени причини , тогаш истата ќе се реализира во место каде ќе бидат создадени услови за изведување на ваков тип на настава ( Дојран, Струмица или друго место кое ќе нуди подобри услови и ќе ги исполнува критериумите и стандардите за реализирање на настава во природа ) . Доколку предвидената настава во природа нема да може да се изведе на ниту едно место , тогаш истата да може да се замени со еднодневен излет во подалечна околина. Доколку агенцијата која ќе биде избрана на соодветен тендер не пронјаде партнер училиште со ученици од V одделение( поради мал број на ученици од нашето училиште) за реализација на настава во природа, програмата |

| | |
|---|---|
| | е кординарана со прогамата за изведување на екскурзии во IX одделение со учениците од нашето училиште, со цел истата да може да биде реализиарана. Терминот на реализација може да претрпи промени.За сите промени кои ќе се случат навреме ќе бидат известени : директорот на училиштето , стручната служба , советот на родители , учениците , родителите од учениците и одделенските наставници од петтите одделенија како и БРО . |

**Програма за дводневна екскурзија за VI одделение низ Република Северна Македонија**

ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА

| | |
|---|---|
| *Место* | *Источна Македонија – Берово и Беровско Езеро* |
| *Одделение* | *VI одделение* |
| *Воспитно – образовни цели* | *1. Непосредно запознавање со природните убавини на Источна Македонија, градовите Кратово, Берово и Беровското езеро; Струмица, водопадите во Колешино, манастирот Св. Леонтиј – Водоча, планините,*<br><br>*2. Запознавање со животот на луѓето во Источна Македонија, стопанските дејности кои се реализираат, риболовот како стопанска дејност, мандрите, обичаи карактеристични за регионот од Источна Македонија- и развојот на туризмот;*<br><br>*3. Стекнување на нови знаења за македонските градови, нивниот настанок, историја, значењето на Источна Македонија воантичкиот период, случувањата во тој дел од Македонија за време на Самоиловата држава, битката на Беласица, движењата за слободна и независна Македонија од Карпош, преку Илинденскиот период,балканските и двете светски војни, до судбината на дејците за независна Македонија во СФРЈ.*<br><br>*Се прави осврт на развојотна Источна Македонија во независна* |

| | |
|---|---|
| | *Република Македонија.*<br>*Целта се реализира преку предавања на туристички водич и кустоси.*<br>*4. Запознавање со важноста на културното наследство на Источна Македонија преку посета на античкиот град Стоби, цркви и манастири.*<br>*Учениците стекнуваат знаења за нивното настанување и опстанок доденес, со што се позитивно се влијае на развојот на естетски чувства, патриотизам, почитување на разликите.*<br>*5. Стекнување на нови знаења поврзани со Дојранското езеро, причините за создавање на Стар и Нов Дојран, еколошкатакатастрофа на Дојранското езеро, мерките за негово оживување и ефектите од превземените мерки, со што кај учениците серазвива еколошката свест и потреба за заштита на приордните богатства;*<br>*6. Развој на самостојност, самодоверба, почит кон Република Македонија, нејзиното културно-историско наследство,еколошки и хигиенски навики;*<br>*7. Почитување на временска рамка за реализација на активности, културно однесување, развивање на комуникацискивештини, развивање на литературно, ликовно и естетско изразување;*<br>*Практикување на рекреативни активности-игри на отворено, прошетки, слушање на музика, игри за јакнење на меморија, внимание.* |
| *Задачи* | ♣ *изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;*<br>♣ *развивање интерес за природата и градење еколошки навики;*<br>♣ *запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;*<br>♣ *градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;* |

| | |
|---|---|
| | ♣ *развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;*<br><br>♣ *поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;*<br><br>♣ *социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;*<br><br>♣ *развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.* |
| *Активности* | ♠ *Посети, набљудување, слушање на предавања, презентации на водичи и кустоси;*<br><br>♠ *Прибирање на податоци, фотографирање на објектите, предметите и други материјал*<br><br>♠ *Дискусија со наставниците;* |
| *Раководители* | *Александар Крстевски, Љупчо Рафески* |
| *Одговорни наставници* | *Александар Крстевски, Љупчо Рафески* |
| *Време на Реализација* | *Месец Мај* |
| *Локалитети* | *Правец на патување(одење): Зелениково - Кратово – Берово – Струмица*<br><br>*Правец на патување (враќање):  Струмица– Валандово - Зелениково* |

*за*

*посета и*
*правци*

*за патување*

*1.Првиот ден ќе се реализираат посети на:*

- *Тргнување од Зелениково во утринските часови*
- *Посета на Градот Кратово со разгледување на неговите знаменитости и запознавање со неговата историја низ временските периоди*
- *Посета на Берово запознавање со неговата историја низ временските периоди, стопанството и Беровското езеро;*
- *Струмица запознавање со нејзината историја низ временските периоди и стопанството на овој крај*
- *Посета на манастирот во Водоча*

*2. Вториот ден се реализраат следниве активности:*

- *Појадок*
- *Прошетка низ градот Струмица*
- *Запознавање со градот Струмица*
- *Посета на Колешинските водопади;*
- *Запознавање со риболовот како стопанска дејност и мандрите*
- *Посета на Валандово на праисторискиот локалитет Марвинци;*

| | |
|---|---|
| | ~ *Посета на античкиот град Стоби.*<br>~ *При враќање за Скопје во автобус се играат игри „Меморија-што запомнивме од денот, „Прашања и одговори-за виденото и чуеното”*<br>~ *Разгледување на прибраните материјали*<br>~ *Пристигнување во Зелениково во пopладневните часови* |
| *Техничка организација* | *Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси,минибус, добри услови на сместување, туристички водичи, лекар* |
| *Начин на финансирање* | *Самофинансирање од страна на родителите* |
| *Забелешка* | *За учениците кои не учествуваат во екскурзијата училиштето организира настава.* |

## Програма за тридневна екскурзија за IX одделение низ Република Северна Македонија

| | |
|---|---|
| *Место* | *Западна Македонија - Охрид и Охридско Езеро* |
| *Одделение* | *IX одделение* |
| *Воспитно – образовни цели* | ❖ *Запознавање и откривање на убавините на татковината Република Македонија;*<br>❖ *Изучување, истражување и проширување на знаења за карактеристиките и спецификите на објекти во околината;*<br>❖ *Запознавање и проширување на знаења со постоечките културно-историски споменици;*<br>❖ *Развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности*<br>❖ *Избор на храна и безалкохолни пијалоци кои се користат за време на екскурзијата, според правилата за здрава, еколошки чиста и разновидна исхрана-зеленчуци, овошје, негазирани сокови, храна која содржи белковини, јагленохидрати со калорична вредност од 1900кcal- насоки од одделенски наставници;*<br>❖ *Одржување на чиста средина и примена на еколошките стандарди во превозното средство-автобусот, локалитетите кои се посетуваат*<br>*Насоките ги даваат: предметните наставници, Еко-оборот;*<br>*Рекреација и културно-уметничко изградување на учениците.* |
| *Задачи* | ♣ *изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;*<br>♣ *развивање интерес за природата и градење еколошки навики;*<br>♣ *запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;*<br>♣ *градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;*<br>♣ *развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;*<br>♣ *поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;*<br>♣ *социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;* |

| | |
|---|---|
| | ♣ *развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.* |
| *Активности* | *Посети, набљудување, слушање на предавања, презентации на водичи и кустоси;*<br>*Прибирање на податоци, фотографирање на објектите, предметите и други материјали, собирање на разгледници, сувенири,туристички проспекти и материјали со историски содржини од секој посебен објект;*<br>♠ *Водење интервју со кустоси, историчари, граѓани и сл.*<br>♠ *Дискусија со наставниците;*<br>♠ *Подготовка и индивидуално изложување на подготвени трудови;*<br>*Презентација на изработките во училиштето.* |
| *Раководители* | Ленче Павиќевиќ,Антоанета Мишева |
| *Одговорни наставници* | Ленче Павиќевиќ,Антоанета Мишева |
| *Време на реализација* | *Септември/Октомври тродневна екскурзија* |
| *Локалитети за посета* | *1ден.Правец на движење- патување: Скопје-Велес-Прилеп-Крушево-Битола-Охрид со посета на:*<br>❖ куќата на Кочо Рацин<br>❖ *Могилата на непобедените и посета на плоштадот (споменик на Александар Македонски)*<br>❖ *музејот – Спомен куќа и гробот на Тоше Проески*<br>❖ *прошетка низ Широк сокак*<br>❖ *посета на археолошкиот локалитет Хераклеа*<br>❖ *пристигнување во вечерните часови во Охрид и сместување на учениците во хотел*<br>❖ *вечера*<br>❖ *ноќевање*<br>*2.ден Правец на движење-патување:*<br>♠ *појадок*<br>♠ *Охрид-Билјанини извори*<br>♠ *Музејот на коските*<br>♠ *посета на Св; Наум* |

| | |
|---|---|
| | - *ручек*<br>- *прошетка низ центарот на Охрид*<br>- *посета на Плаошник*<br>- *посета на Самоиловата тврдина*<br><br>- *посета на куќата на Робевци*<br>- *посета на црквата Св. Софија*<br>- *вечера*<br>- *забава*<br>*3. ден Правец на движење - патување  Охрид – Маврово–Скопје*<br><br>- појадок<br>- *посета на мостот на кој се одржуваат "Струшките вечери на поезијата" Разгледување на Струга и Црн Дрим, Природно научен музеј „ д-р Никола Незлобински“*<br><br>- Вевчански водопади<br>- Манастир „Св. Георгиј Победоносец“ - Рајчица,<br>- посета на Св.Јован Бигорски<br>- *посета на Националниот парк  Маврово*<br>- *патување кон Скопје* |
| *Техничка организација* | *Високо квалитетни патнички автобуси,минибус, климатизирани, безбедни, добри услови на сместување, туристички водич, доктор* |
| *Начин на финансирање* | *Самофинансирање од страна на родителите* |
| *Забелешка* | *. Доколку агенцијата која ќе биде избрана на соодветен тендер не пронјаде партнер училиште со ученици од девето одделение( поради мал број на ученици од нашето училиште) за реализација на тродневната екскурзија, програмата е кординарана со прогамата за изведување настава во природа  во петто одделение со учениците од нашето училиште.За сите промени кои ќе се случат навреме ќе бидат известени : директорот на училиштето , стручната служба , советот на родители , учениците , родителите од учениците и одделенските наставници од петтите одделенија како и БРО .*<br><br>*За учениците кои не учествуваат во екскурзијата училиштето организира  настава.* |

### Напомена

Програмата за екскурзијата може да претрпи промени во согласност со времето и текот на екскурзијата.

***Училишниот тим планира два еднодневни излети за сите ученици во училиштето. Едниот се изведува во есен најчесто во месец септември, односно октомври, а вториот се изведува напролет во месец мај.***

***Истите се планираат по одредени цели и содржини , изготвени од тимот наставници одговорни за изведување на училишните екскурзии и излети.***

***ЕДНОДНЕВЕН ЕСЕНСКИ ИЗЛЕТ***

***ПЛАН ЗА ВОНУЧИЛИШНА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА***

| ***Место*** | ***Марков Манастир*** |
|---|---|
| ***Одделение*** | *I – IX одделение* |
| ***Воспитно – образовни цели*** | ~ *Запознавање, откривање и воочување на природните убавини и местоположбата на Марков Манастир;*<br>~ *Запознавање на културните вредности на блиската околина;*<br>~ *Запознавање на учениците со културно историско наследство;*<br>~ *Развивање еколошки навики и љубов кон природата;* |

| | |
|---|---|
| | ~ *Стекнување искуство за самостојност и грижа за себе во природата.*<br>~ *Запознавање со корист од спортување - пешачење во природа.* |
| ***Задачи*** | – *развивање интерес за културно историско наследство*<br>– *Развивање на интерес за природата и градење еколошки навики;*<br>– *градење чувство за толеранција и соживот;*<br>– *поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;*<br>– *социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе во природата;*<br>– *развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.* |
| ***Активности*** | ➢ *Проширување и практична примена на сознанија за културно историските споменици и природните убавини на главноит град;*<br>➢ *Запознавање со убавините на излетничките места во блиската околина;*<br>➢ *Воочување на местоположбата на Марков Манастир;* |

| | |
|---|---|
| | ➢ *разгледување на манстирот,*<br>➢ *спортски активности, рекреирање и одмор;*<br>➢ *еколошка акција, подигнување на свеста за почиста околина.* |
| ***Раководител*** | *Љупчо Рафески, Јасминка Стојановска* |
| ***Одговорнинаставници*** | *Љупчо Рафески, Јасминка Стојановска* |
| ***Времена Реализација*** | *септември/октомври* |
| ***Локалитети за посета и правци за патување*** | *Насока на движење*<br>*Зелениково –Марков Манстир- Зелениково*<br>*ОУ„Марко Цепенков”- Марков Манстир - ОУ„Марко Цепенков”* |
| ***Техничка Организација*** | *Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водичи, лекар* |
| ***Начинна Финансирање*** | *Самофинансирање од страна на родителите* |
| ***Забелешка*** | *За учениците кои не посетуваат екскурзија училиштето организира настава.* |

***Забелешка:**

Поради досегашното искуство во организирање на еднодневни екскурзии и малиот одзив на ученици планираме да изведеме алтернативен излет во блиската околина, доколку и оваа учебна година за оваа понуда одзивот на ученици е мал, како во централното така и во подрачните училишта.

**ЕДНОДНЕВЕН ПРОЛЕТЕН ИЗЛЕТ**

**ПЛАН ЗА ВОНУЧИЛИШНА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА**

| Место | Средно Водно, Скопје |
|---|---|
| Одделение | I - IX одделение |
| Воспитно – образовни цели | ✓ Запознавање и откривање на природните убавини во блиската околина;<br>✓ Запознавање на културните и верските вредности во блиската околина;<br>✓ Развивање на чувства за негување на културата и традицијата на нашиот народ;<br>✓ Развивање еколошки навики и љубов кон природата;<br>✓ Стекнување искуство за самостојност и грижа за себе во природата. |
| Задачи | ✓ изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;<br>✓ развивање интерес за природата и градење еколошки навики;<br>✓ запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето;<br>✓ градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;<br>✓ развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;<br>✓ поттикнување и манифестирање на позитивни емоции; |

| | |
|---|---|
| | ✓ социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;<br><br>✓ развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење. |
| Активности | ✓ Проширување и практична примена на сознанија за природните убавини;<br><br>✓ Запознавање со убавините на излетничките места во нашата околина;<br><br>✓ Воочување на местоположбата на планината Водно и околината,<br><br>✓ спортски активности, рекреирање и одмор;<br><br>✓ еколошка акција за одржување на хигиената. |
| Раководител | Игор Велков |
| Одговорни наставници | Љупка Продановска , Елена Костовска |
| Време на реализација | Месецмај |
| Локалитети за посета и правци за патување | Насока на движење<br><br>ЗЕЛЕНИКОВО - Средно Водно - ЗЕЛЕНИКОВО<br><br>ОУ„Марко Цепенков”- Средно Водно - ОУ„Марко Цепенков” |
| Техничка организација | Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водичи, лекар |

| | |
|---|---|
| *Начин на Финансирање* | *Самофинансирање од страна на родителите* |
| *Забелешка* | *За учениците кои не учествуваат во екскурзијата училиштето организира настава.* |

***Забелешка:**Поради досегашното искуство во организирање на еднодневни екскурзии и малиот одзив на ученици планираме да изведеме алтернативен излет во блиската околина доколку и оваа учебна година за оваа понуда одзивот на ученици е мал, како во централното така и во подрачните училишта.

**ДАТА**

________________

**Претседател на Училишен одбор**
**Лорета Петрушевска**

____________________

**В.Д. Директор**
**Љупка Стојановска**

_____________________

**М.П.**